Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/04, 22/07, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, Службен весник на РСМ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 13.03.2026 година разгледувајќи го Финансискиот извештај на општина Пробиштип за 2025 година со завршна сметка, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За усвојување на Годишната сметка на Буџетот на Општина Пробиштип и финансиски извештаи

### Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2025 година

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **I Вкупни приходи** | **528.720.374** | **392.026.140** |
| - Даночни приходи | 70.405.000 | 54.855.768 |
| - Неданочни приходи | 31.253.610 | 12.024.549 |
| - Капитални приходи | 56.885.009 | 33.135.241 |
| - Дотации | 245.982.652 | 238.812.611 |
| - Трансфери | 99.105.390 | 49.871.312 |
| - Донации | 547.822 | 508.008 |
| **II Вкупни расходи** | **525.896.974** | **389.202.766** |
| - утврдени намени | 524.146.974 | 387.477.511 |
| - резерви | 1.750.000 | 1.725.255 |
| **III (Дефицит) - Суфицит** | **-21.717.491** | **4.723** |
| **Финансирање** | **21.717.491** | **-4.723** |
| | | |
| <u>**Прилив**</u> | 24.540.891 | 2.818.651 |
| - Приливи од домашни заеми | 0 | 0 |
| - Депозити | 24.540.891 | 2.818.651 |
| | | |
| **Одлив** | **2.823.400** | **2.823.374** |
| - Отплата на главнина | 2.823.400 | 2.823.374 |

изнесуваат:

**Член 2**

Разликата меѓу приходите и расходите е на износ од 2.823.374, отплатата на заемот претставува одливот на средства на износ од 2.823.374 денари.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи.

**Член 4**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2025 година се искажани планираните и извршените расходи по сметки и по ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2025 година ќе се објави во „Службен гласник на општина Пробиштип".

Број 26-326/15
13.03.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски